**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 октомври 2001 година**

Седницата се одржа во Домот на Армијата на Република Македонија, со почеток во 19,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Ја отворам 87-та седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод одбележувањето на 60-годишнината од 11 Октомври - Денот на Народното востание.

(Се исполнува химната на Република Македонија)

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот на Владата на Република Македонија г. Љубчо Георгиевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија г. Киро Глигоров, претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОБ на Македонија, народните претставници на Првото заседание на АСНОМ, учесниците во НОБ, пратениците од првиот и вториот состав на Собранието, претседателот и членовите на првата Влада на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Јавниот правобранител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на универзитетите "Св.Кирил и Методиј" во Скопје и "Св.Климент Охридски" во Битола, поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија, бискупот на Скопско-Призренската бискупија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Оваа седница на Собранието на Република Македонија, која има свечен карактер, е посветена на еден од најзначајните настани и датуми од историјата на македонскиот народ, одбележувањето на 60-годишнината од 11 Октомври - Денот на Народното востание.

Свесен за својата историска шанса, македонскиот народ на 11 Октомври 1941 година се крена на востание против германските, бугарските и италијанските завојувачи и окупатори, станувајќи на страната на светската антифашистичка коалиција. Во таа борба многу македонски синови ги положија своите животи со надеж дека сонот од претходните бројни востанија ќе се оствари и македонскиот народ ќе ја стекне дефинитивно својата слобода и својата држава. Не беа залудни нивните животи. Тој нивен стремеж и многувекована желба на бројни генерации денес е остварен.

Се надевам дека оваа наша свечена седница е вистински пример за нашиот однос кон негувањето на историските традиции и валоризација на придонесот на учесниците во тие настани, како темелна вредност во континуитетот во создавањето на македонската државност.

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

По повод одбележувањето на 60-годишнината од 11 Октомври -Денот на народното востание на Собранието ќе му се обрати претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски.

(Аплауз)

Го молам претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски да земе збор.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, драги пријатели, почитувани гости,

Денеска одбележуваме настан, кој претставува темелник во историјата на нашата држава и нашиот народ. 11 Октомври 1941 година е симбол на непокорот на македонскиот народ и на неговата вековна борба за национална слобода и сопствена држава.

Вооруженото востание во 1941 година во својот бит беше продолжение на илинденската епопеја од 1903-та година и на борбата за остварување на идеалите на македонските револуционери од претходните децении и векови.

Во кусиот период меѓу овие две епопеи, во балканските војни и Втората светска војна, македонскиот народ ги доживеа најтрагичните настани во својата историја. Македонија стана објект на распарчување меѓу соседните земји и предмет на интересите на тогашните европски сили. Истовремено, македонскиот народ беше изложен на сурова денационализација и асимилација, а во делови од Македонија и на геноцид. Паралелно со ова се одвиваше и отпорот на македонскиот народ

во нови услови на поделеност на татковината, во туѓи државни граници и со мерки на непријателски режими.

Значаен дел од македонското национално и државотворно движење во овој период се вклопи во антифашистичкото движење, подготвувајќи се за веќе извесната нова светска војна, јасно истакнувајќи ја главната цел на македонскиот народ, а тоа е формирање на своја држава. Неговата судбина ја делеа и сите националности во Македонија, кои што исто така даваа свој придонес во заедничката борба.

На почетокот на Втората светска војна Македонија е повторно распарчена, станувајќи уште еднаш "ситна монета за поткусурување" на Балканот.

Затоа 11 октомври 1941 година беше уште една силна порака дека овој народ, кој дал толку жртви за својата слобода, којшто не сака ништо повеќе од тоа да живее слободно и рамноправно со сите други балкански народи, нема да дозволи за неговата судбина да решаваат други.

Решенијата на Првото заседание на АСНОМ за конституирање на македонската држава и на националните белези во кој што спаѓа и македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, претставуваат темели врз кои ќе продолжи да се гради нашата понова историја. Тие универзални вредности ги ставаат 11 Октомври и АСНОМ во врвот на нашата историја, како придобивки кои длабоко се почитуваат и се бранат.

Почитувани дами и господа,

Република Македонија, определувајќи се пред едена деценија својата иднина да ја гради како суверена и независна држава, се определи и за прифаќање и почитување на сите придобивки и принципи на современата демократија.

Го прифативме и го почитуваме принципот на неменливост на постојните граници, иако Македонија е најмногу делената и прекројуваната територија во поновата историја на Балканот.

Се определивме за почитување на малцинските права над меѓународно прифатените стандарди и норми, со верување дека признавањето на истите права на нашето малцинство во соседните држави е демократска и цивилизациска обврска на нашите соседи.

Се определивме за градење на добрососедски односи, отфрлајќи го баластот на минатото, со визија за градење на нови односи меѓу балканските народи, со визија за една поинаква иднина на регионот.

Се определивме за градење на современа, демократска држава, заедничка татковина на сите нејзини граѓани.

Нашата стратешка цел беше и останува интеграцијата во европските и евроатлантските структури. Знаеме дека патот што треба да го поминеме не е ниту кус ниту лесен, но друга алтернатива не гледаме.

Заради тие определби и опстојувањето тие да се реализираат и во најтешките услови, Република Македонија речиси една деценија беше посочувана како пример за стабилност и кооперативност во регионот.

Како резултат на својата принципиелната политика Република Македонија како прва земја од регионот ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија. Во односите со соседите беа решени повеќе прашања, од кои одбележувањето на границата со СР Југославија има клучно значење. И на економски план реформите што беа направени во стопанството почнаа да ги даваат првите резултати.

И токму во тие моменти, без внатрешен повод се соочивме со најсериозниот предизвик од независноста на нашата држава. Македонија стана цел на терористички напади однадвор. Антицивилизациските сили нападнаа врз еден од темелите на македонската стабилност - вековната меѓуетничка толеранција. Своите криминални интереси, големодржавни идеи и расистичките определби за создавањето етнички чисти територии вешто ги прикриваа со маската на борци за човекови права. Користејќи ја состојбата во регионот и во Република Македонија, како и товарот на претходното вмешување на меѓународната заедница во Косово, терористичките групи делумно ја постигнаа својата цел ја дестабилизираа нашата држава разнишувајќи го вековниот мултиетнички соживот.

Соочувајќи се со овој предизвик, се определивме решавањето на кризата да го поставиме врз три суштински цели:

- заштита на унитарноста, територијалниот интегритет и суверенитет на Македонија и демократскиот развој со високи стандарди на човекови и малцински права;
- избегнување на крвава меѓуетничка војна;
- обезбедување поддршка на меѓународната заедница во решавањето на кризата.

Сето ова го правиме и во функција на приближувањето на Македонија кон семејството на европските народи, кон заедничкиот европски дом.

Го потпишавме Рамковниот политички договор со цел да ја зајакнеме меѓуетничката доверба, толеранцијата и соживотот, како и да го зацврстиме европскиот карактер на државата, во која

заштитата на индивидуалните права ќе биде во прв план.

Го изготвивме планот за разоружување и изразивме волја кривично да не ги гониме оние кои доброволно го предадоа оружјето и не учествувале во злосторствата, во интерес на мирот и стабилноста на државата и на сите нејзини граѓани. Меѓутоа сето ова го сторивме за да ги обезличиме насилниците, како во очите на македонските Албанци, така и во очите на меѓународната заедница.

Основен приоритет во овој момент треба да биде враќањето на раселените граѓани во своите домови и запирањето на процесот на понатамошно раселување по етничка основа. Сите наши напори ќе бидат насочени кон остварувањето на оваа цел.

Треба да се отпочне со процес на помирување, јас би рекол лечење на општеството од остатоците од се она што граѓаните можеа да го доживеат, малтретирање, грозоморни убиства, киднапирања, измачувања, раселувања, напуштање на своите домови, се она што го затру нашето општество, а то е омразата и недовербата.

Целта што сакаме да ја постигнеме нема друга алтернатива: Република Македонија да остане држава со полн територијален интегритет и суверенитет, со унитарен карактер на своето уредување, во чиј центар ќе биде граѓанинот како индивидуа, а не етничките колективитети, и со силно изразен континуитет на државноста од илинденската епопеја, преку АСНОМ и историскиот 8 септември 1991 година.

Подготвени сме овие темелни вредности на нашата држава да ги браниме и да ги одбраниме со сите средства. Ве уверувам дека ако и по усвојувањето на Рамковниот договор и на прифатените реформи продолжи теророт, тогаш насилниците-терористи ќе се соочат со сета сила на нашата држава. И во тоа ќе очекуваме целосна поддршка од меѓународната заедница.

Почитувани дами и господа,

Денес, кога светот се обединува во заедничката борба против тероризмот, очекуваме меѓународната заедница да има ист аршин и за тероризмот на Балканот. Република Македонија исто така ќе придонесе во овие глобални напори за борба против тероризмот преку усвојувањето на Охридскиот документ со што на НАТО трупите што се наоѓаат во нашата држава ќе им овозможи да се вратат во своите земји и од таму да се борат против тероризмот. Со полно право очекуваме меѓународната заедница да изнајде сили за реална оценка на ситуацијата во Република Македонија и да даде вистински придонес за нејзината стабилност, што секако ќе биде и придонес за стабилноста на регионот. Во тој склоп и факторите на Република Македонија ќе бидат максимално кооперативни и принципиелни во напорите за излез од кризата.

Исто така, очекуваме меѓународната заедница да постапи во согласност со правдата и правото околу целосното прифаќање на уставното име на Република Македонија во меѓународните односи. Тоа ќе биде јасна поддршка на идентитетот и суверенитетот на нашата држава и вистински чекор во право време кој ќе придонесе за крај на кризата во Република Македонија и можните пошироки компликации поврзани со неа.

Очекуваме и понатаму целосна поддршка за нашето интегрирање во НАТО и Европската унија, при што се подразбира и слободното движење на нашите граѓани во земјите членки на овие пријателски структури. Се подразбира обврската за исполнување на условите и од страна на Република Македонија.

Одбележувајќи го овој јубилеј, 60-годишнината од 11 Октомври, наша должност е да им оддадеме почит на сите борци што ги дадоа своите животи за слободна Македонија, како и на денешните бранители на суверена Македонија. Вечно да се паметат имињата на хероите и борците што ги дадоа своите животи за татковината.

Им го честитам празникот 11 Октомври на сите граѓани на Република Македонија и на сите наши сонародници во дијаспората, со верба и надеж дека идниот 11 Октомври ќе го славиме во мир.

Нека биде вечен празникот и нека ни е вечна Македонија.

(Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски.

Ја заклучувам 87-та седница на Собранието на Република Македонија.

И благодарам на Филхармонијата на Република Македонија и нејзиното раководство за задоволството што ќе го имаме денес да присуствуваме на дел од нејзината програма, а потоа ве повикувам на еден коктел по повод празникот кој го славиме.

(Седницата заврши во 19,35 часот)